# Кон прашањето за автономијата на Пинд

Ванчо Кенков
Универзитет „Св. Кирил и Методиј – Скопје“, Филозофски факултет

Започнувајќи од планината Грамос на границата помеѓу Епир и географска Македонија, преку високите планини Смолика и Василица, спуштајќи се на југ и притоа формирајќи ја границата помеѓу Епир и Тесалија, се наоѓа најголемиот планински масив во Грција – Пинд. Со своите високи планини, Пинд претставува природна граница помеѓу географските области Епир, Македонија и Тесалија. Истовремено, високите врвови на пиндските планини се точки кои што разграничуваат неколку балкански народи. Токму Пинд е природна граница помеѓу грчкиот и албанскиот народ. На североисточните падини на Пинд, во Костурско, се разграничувале македонскиот и грчкиот народ. Но, ако го разгледаме етничкиот состав на населението во планинските села на Пинд, ќе увидиме дека на оваа „граница помеѓу народите“ доминирал еден друг народ – Власите.

Во својот импозантен труд, „Власите – метрополи и дијаспора“, авторот Астериос Кукудис, запиша: *„Москополе беше еден вид на Ерусалим во влашката историја: величествен, раздвижен град, економски и културен центар кој со својот колапс и заминувањето на неговите деца, насекаде низ Балканот и подалеку распосла бројни влашки колонии. Но овој Ерусалим беше далеку од ветената земја – Канаан. Влашкиот Канаан се создаде подолу на југ, на планината Пинд. Сите влашки села надвор од Пинд личат на планети или сателити во сончевиот систем, чиј неоспорен центар останува Пинд.“*[1] Навистина, Пинд го претставува јадрото, срцевината на влашкиот народ. Градот Мецово на Пинд и денес е најголемата влашка населба на Балканот. Некогаш големата и просперитетна Самарина, е највисоката населба во Грција, и едно од највисоките населени места на Балканот. На македонската страна на Пинд, во најјужните

[1] Астериос Кукудис, Власите – Метрополи и дијаспора (Превод, предговор и коментари: Никола Минов), Скопје 2013, 68.

региони на Егејска Македонија, сè уште опстојуваат чисто влашките населби Авдела, Периволи, Смикси и тн. Токму од влашките средини на Пинд, произлегоа редица личности, кои оставија свој печат во балканската историја. Деца на Пинд се браќата Јанаки и Милтон Манаки од Авдела – првите филмски сниматели на Балканот. Во селото Сирако, на пиндската планина Перистери, е роден еден од првите премиери на кралството Грција, Јоанис Колетис. Долга е листата на национални херои на Грција и Србија, или на научници кои се родиле и израснале во влашките населби на Пинд.

Планинскиот терен и тешката достапност на пиндските населби, одиграле голема улога во формирањето на карактерот и во специфичниот начин на живеење на Власите од Пинд. Во 1160 година, патувајќи низ грчките краишта на Византија, шпанскиот Евреин, Венјамин од Тудела, го забележал присуството на влашкото население и запишал: *„На овие планини живее еден народ наречен влашки. Власите се многу брзи и се спуштаат од планините за да ја уништат и ограбат грчката земја. Никој не може да се бори со нив, и ниеден крал не може да ги потчини*“. Слично, за време на османлиското владеење, Власите од Пинд како дервенџии (чувари на планинските премини и важни трговски патишта) уживале голема доза на автономија. Така, на пример, во 1659 година, група влашки села на јужен Пинд добиле посебни привилегии од османлиските власти, по што регионот на Мецово се стекнал со голем степен на автономија и право на самоуправа. Како последица на привилегираниот статус, сиот реон бил прогласен за свето место и неповредлив имот на светите градови Мека и Медина, при што соседните турски бегови и спахии биле оневозможени да интервенираат во локалните работи и да го угнетуваат населението, а жителите имале целосна слобода при решавањето на локалните проблеми.[2]

Отстранувањето на османлиската власт во Европска Турција по Првата балканска војна ги активирало автономистичките тенденции и на Власите од Пинд. Свесни дека при распределбата на османлиското наследство, Пинд ќе влезе во состав на Грција, дел од влашкото население започнал да бара алтернативни решенија за иднината на родните огништа. Влашката интелигенција била свесна дека реалноста на Балканот и констелацијата на меѓународните односи не оделе во прилог на остварување на идеалот – создавање на влашка држава.

[2] Ibid, 74-75, 101-102.

Оттука, за време на дипломатските преговори за изнаоѓање излез од балканската криза, влашките националисти ги вложиле сите напори за да се зачува барем мал дел од тоа што успеале да го стекнат за време на османлиското владеење. Така, од февруари до април 1913 година, делегација од тројца Власи (Јорји Мурну, Јулиу Валаори и Никола Папахаџи) презела дипломатска турнеја низ најважните европски центри. Притоа, преку брошурата „Македонија на Македонците", делегацијата побарала Македонија да се организира како автономна држава од кантонален тип, според швајцарски модел, која би била неутрална и во која сите народи би ги уживале сите права на вероисповед и на свој мајчин јазик. Бидејќи идејата не била прифатена од европските државници, делегацијата промовирала нова формула за политичко организирање на Власите, односно, создавање на албанско-влашка федерација, во која како кантон би била вклучена и зоната на Пинд, населена претежно со Власи.[3]

Сосема очекувано, турнејата на влашките делегати не вродила со плод, но ова не значело и крај на стремежите за автономија на Пинд.

Нова шанса за остварување на желбите на влашкиот народ од Пинд се укажала за време на Првата светска војна. За разлика од влашкото население што живеело во близина на Македонскиот фронт, и кое директно ги почувствувало сите ужаси што ги носела војната, Власите на Пинд успеале да ја искористат неутралноста на Грција за да го задржат релативниот мир во своите планински населби. Меѓутоа, пристапувањето на Грција во војната на страната на Антантата на 30 јуни 1917 година, и, пред сѐ, италијанската окупација на Епир од првата половина на јуни истата година, ги разбранувале духовите и на Власите од Пинд.

Пиндските Власи биле добро запознаени со превирањата што се случувале во Албанија во првата половина на 1917 година, кога сојузниците Франција и Италија, независно една од друга, се обиделе да ги прекројат албанските граници и да создадат нови државни творби на албанската територија. Во тој контекст, оној дел од влашкото население на Пинд што не сакал да остане под грчка власт, се обидел да ја искористи новата реалност на теренот, за да ја реализира старата идеја за независност, или автономија на Пинд. Така, италијанските

---

3 Никола Минов, Власите и Балканските војни, 100 години од Балканските војни, Прилози од научниот собир одржан на 3-4 декември 2012 година, МАНУ, Скопје 2013, 474-475.

трупи што навлегле на Пинд воопшто не биле пречекани како непријател. Напротив, истите биле дочекани со цвеќе, пеење на италијански песни, развиорени италијански знамиња и свечени говори на латински јазик. Секако, пречекувањето на окупаторот со цвеќе воопшто не претставува нова пракса и истата најчесто можеме да ја толкуваме како чин на самозаштита. Меѓутоа, доколку ги анализираме понатамошните чекори на Власите од Пинд, лесно ќе увидиме дека топлиот пречек на италијанската армија бил искрен одраз на чувствата на локалното население, кое што италијанската војска воопшто не ја перцепирало како непријател, туку, напротив, како ослободител.

Ваквата перцепција во голема мерка се должела на традиционалното верување на Власите од Пинд за нивното заедничко, римско, потекло со италијанскиот народ. Така, уште во 1821 година, францускиот академик Франсоа Пуквил забележал дека „Мегаловласите, кои до денешни дни ги населуваат високите планини на Пинд... се сметаат, без да дадат некаков историски доказ, за остатоци од војската на Помпеј.“[4] Според истиот автор, Власите што го изградиле Москополе „се сметаат за потомци на една колонија населена од Квинтус Максимус во Тауланија... и сите влашки племиња гордо го прифаќаат името Ромуни или Римјани“.[5] Десетина години подоцна, во 1831 година, францускиот конзул во Солун, Еспри Мари Кузинери, запишал дека Власите „ги препознаваш благодарение на нивниот јазик. Тие и сега гордо го зборуваат латинскиот и доколку ги прашаш: Од која нација сте?, тие со гордост одговараат: Римјани“.[6]

Со оглед на сето ова, јасно можеме да увидиме зошто италијанската окупација на Пинд, од влашкото население била согледана како обид на mamma Roma за ослободување на своите заборавени деца.

Италијанската окупација на Пинд траела помалку од два месеци. Меѓутоа, овој краткотраен период на „слобода“ бил доволен за влашкото население да не се помири со обидите за нарушување на постојната ситуација. Професорот Никола Ниби, на 23 јули 1917, испратил писмо до влашките учители во Епир, во кое, откако ја согледува констелацијата на меѓународните односи, според која станувало јасно дека Пинд повторно ќе ѝ биде вратен на Грција, заклучува дека „откако

[4] Никола Минов, Влашкото прашање и романската пропаганда во Македонија (1860-1903), Скопје 2013, 20.

[5] Ibid.

[6] Валериу Папахаџи, Аромански Студии, Скопје 2017, 131.

дојдоа Италијанците и ние ги вкусивме слободата и починката. Никој повеќе не ни ги загорчува дните. Ваквиот живот ни е сладок и пријатен и ќе работиме за да го задржиме.“ Притоа тој потенцира дека доколку Власите од Пинд повторно паднат во грчки раце, тогаш тие ќе бидат целосно денационализирани.[7]

Токму во овој контекст можеме да ги третираме и серијата писма и телеграми кои што влашкиот народ од Пинд ги испратил до претставниците на Големите сили од 22 до 30 јули 1917 година. Фактот дека италијанската армија требала да се повлече од Пинд, и дека на местото на Италијанците на Пинд ќе пристигнат грчки трупи верни на Елефтериос Венизелос, го разбунтувале слободарскиот дух на жителите од Пинд. Од овие причини, Власите од Пинд испратиле 12 телеграми до конзулите, премиерите, министрите за надворешни работи или, пак, до претседателите на Франција, Велика Британија, Италија, Русија, Белгија и Соединетите Американски Држави. Во првата телеграма, испратена од Мецово, 26 претставници на влашкиот народ од Пинд, меѓу кои и прославениот филмски сниматeл, Милтон Манаки, ја молат француската влада при идните исцртувања на границите на Балканот да ги земе предвид и Власите од Пинд. Во дел од останатите телеграми, Власите од Пинд бараат братска унија со Италија, гаранции за влашките национални права, заштита од заграбувачките тенденции на соседните народи и конечно решавање на влашкото прашање во согласност со аспирациите на влашкиот народ.

Молбите на влашките претставници од Пинд сепак не биле прифатени. Влегувањето на Грција во војната на страната на Антантата било многу попривлечна опција за сојузниците, па оттука и иднината на Власите од Пинд била жртвувана во корист на Грција. Во овој контекст, италијанските трупи требало да се повлечат од Пинд и Епир, а на нивно место требало да пристигнат војските на грчката венизелистичка армија.

Соочени со нова грчка окупација, претставниците на влашкиот народ од Пинд се решиле на очајнички чекор. На 29 август 1917 година бил формиран Привремен комитет составен од 7 члена, кој во Самарина ја прогласил независноста на влашкиот кантон Пинд. При-

[7] Stoica Lascu, Evenimentele din Iulie-August 1917 în regiunea munţilor Pind – încercare de creare a unei statalităţi a Aromânilor. Documente inedite şi mărturii. Studiu istoriografic şi arhivistic, Revista Română de Studii Eurasiatice, III/1-2, Universitatea Ovidius Constanţa, 2007, 154-155.

тоа, било истакнато знамето на автономен Пинд, на кое централно место имала римската волчица, опкружена со боите на италијанската тробојка.

Токму овој чин од 29 август 1917 година е главниот настан во „автономијата на Пинд“. Всушност, оваа автономија не претставува формирање на државна творба во вистинска смисла на зборот. Ниту една држава не ја признала автономијата на Пинд, ниту пак прашањето за влашка автономија било сериозно разгледано од Големите сили. Напротив, веднаш откако Привремениот комитет испратил телеграма до генералниот италијански комесар во Јанина, д-р Франческо Фаци, со која го известува дека Власите од Пинд прогласиле создавање на влашки кантон на Пинд, италијанските дипломатски претставници, во соработка со своите романски колеги, презеле низа чекори за да ги задушат влашките сепаратистички тенденции. На претставникот на Привремениот комитет, Алкибијад Диаманди, му било јасно ставено до знаење дека Власите избрзале со прогласувањето на автономијата и дека нивниот едностран чин воопшто нема да биде поддржан од Италија и Романија. Јасно, во новите прегрупирања на силите во редовите на Антантата, Италија не сакала да го навлече гневот на останатите Големи сили и за сметка на Грција да го протежира влашкото прашање. Токму затоа, аспирациите на Власите од Пинд за автономија биле осудени на пропаст уште на самиот почеток.

Автономијата од Пинд, како што потврдуваат и директните учесници на настаните, „не траеше ни три дена“.[8] На местото на италијанските војски, на Пинд пристигнале грчки нерегуларни трупи, кои веднаш започнале да се пресметуваат со влашките автономисти, од кои дел биле уапсени, дел протерани, а дел самоволно го напуштиле Пинд за да не се соочат со грчката одмазда, бидејќи од грчките власти биле оценети како „непоправливи органи на италијанската пропаганда“.[9]

На крај, можеме да заклучиме дека автономијата на Пинд, или, во најмала рака, идејата за автономија на Пинд, заслужува потемелно истражување. Точно е дека идејата не била реализирана, а актот со

[8] Delapind, Convorbire cu d. Guli Papageorge Samarineanu, unul din promotorii independenţei Pindului, Peninsula Balcanica, V/7-8, noembrie-decembrie 1927, 115.

[9] Кочо Сидовски, Народот со многу татковини, Историја на Ароманците од Средниот век до 1918, Скопје 2013, 353.

кој што била прогласена автономијата воопшто не бил поддржан од балканските и европските политички фактори. Меѓутоа, фактот дека доминантниот елемент на Пинд – влашкиот народ – воопшто го поставил прашањето за автономија, го имплицира неговиот слободарски дух и јасно ја изразува желбата за самостојно политичко организирање.

**BIBLIOGRAPHY:**

Delapind (1927), Convorbire cu d. Guli Papageorge Samarineanu, unul din promotorii independenţei Pindului, *Peninsula Balcanica*, V/7-8.

Кукудис, А. (2013), Власите – Метрополи и дијаспора (Превод, предговор и коментари: Никола Минов), Скопје.

Lascu, S. (2007), Evenimentele din Iulie-August 1917 în regiunea munţilor Pind – încercare de creare a unei statalităţi a Aromânilor. Documente inedite şi mărturii. Studiu istoriografic şi arhivistic, *Revista Română de Studii Eurasiatice*, III/1-2, Universitatea Ovidius Constanţa.

Минов, Н. (2013), Власите и Балканските војни, *100 години од Балканските војни, Прилози од научниот собир одржан на 3-4 декември 2012 година*, МАНУ, Скопје.

Минов, Н. (2013), Влашкото прашање и романската пропаганда во Македонија (1860-1903), Арс Либрис, Скопје.

Минов, Н. (2011), Изгубената Влахија, Гласник на Институтот за национална историја 55.1-2.

Minov, N, (2011), The Aromanians and IMRO, Macedonian Historical Review 2.

Minov, N. (2012), The War of Numbers and its First Victim: The Aromanians in Macedonia (End of 19th-Beginning of 20th Century), Macedonian Historical Review 3.

Папахаџи, В. (2017), Аромански студии, Скопје.

Сидовски, К. (2013), Народот со многу татковини. Историја на Ароманците од Средниот век до 1918, Арети Сидовска, Скопје.